С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

на

Општина Ранковце

Службен гласник на Општина Ранковце Издавач: Општина Ранковце излегува по потреба	Година XXVII број 10 02 Ноември 2026 година Ранковце	Гласникот е бесплатен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Решение за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце

1. Се прогласува Решението за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиско работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце, донесено на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.10.2026 година.
2. Решението за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиско работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1406 / 1
02.11.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 26 став 5, член 26-а и член 17-г став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 89/2022, 274/2022 и 208/2024), член 36 став 1 алинеја 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 23 став 1 алинеја 26 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 14-та седница, одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце

1. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден - Ранковце се именува Марија Стевановска.

2. Членот на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце се именува со мандат од 4 (четири) години.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1369/4
30.10.2026 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за Измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година

1. Се прогласува Одлуката за Измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.10.2026 година.
2. Одлуката за Измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1406/2
02.11.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/2002, а во врска со член 33 од Законот за Буџетите („Сл. весник на РМ" бр.64/05; 04/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15 и 167/16 и („Службен весник на РСМ" бр. 151/21; 87/22 и 03/25). Советот на Општина Ранковце на 14-та седница одржана на ден 30.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина РАНКОВЦЕ

за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина РАНКОВЦЕ за 2026 година на следниот начин :

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
N10	**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
423610	Наставно-образовни помагала	0	0	-30.000	0	0
424210	Одржување на згради	0	0	-373.000	0	0
425490	Други здравствени услуги	0	0	-13.000	0	0
425760	Превозни услуги во образованието	0	0	416.000	0	0
		0	0	0	0	0

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Ранковце и станува составен дел на Буџетот на општината за 2026 година.

Бр. 09-1369/5
30.10.2026

Претседател на Советот на Општината
Ненад Петковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за усвојување на Заедничка маркетиншка стратегија за развој и позиционирање на интегрален туристички производ во прекуграничната област Сепарева Бања-Кратово-Ранковце за периодот 2026-2030 година

1.Се прогласува Одлуката за усвојување на Заедничка маркетиншка стратегија за развој и позиционирање на интегрален туристички производ во прекуграничната област Сепарева Бања-Кратово-Ранковце за периодот 2026-2030 година, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.10.2026 година.

2. Одлуката за усвојување на Заедничка маркетиншка стратегија за развој и позиционирање на интегрален туристички производ во прекуграничната област Сепарева Бања-Кратово-Ранковце за периодот 2026-2030 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1406/3
02.11.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/24) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 14-та седницата одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за усвојување на Заедничката маркетиншка стратегија за развој и позиционирање на интегрален туристички производ во прекуграничната област Сапарева Бања – Кратово – Ранковце за периодот 2026–2030 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Заедничката маркетиншка стратегија за развој и позиционирање на интегрален туристички производ во прекуграничната област Сапарева Бања – Кратово – Ранковце за периодот 2026–2030 година, во понатамошниот текст: Стратегијата.

Стратегијата претставува стратешки документ за насочување и координирање на активностите за развој, промоција и позиционирање на заеднички туристички производ

во прекуграничната област, преку поврзување на туристичките потенцијали, природното и културното наследство и локалните туристички услуги.

Член 2

Целта на Стратегијата е воспоставување заеднички пристап за развој и промоција на интегрален туристички производ во прекуграничната област Сапарева Бања – Кратово – Ранковце, со цел зголемување на туристичката препознатливост, подобрување на конкурентноста на туристичката понуда и поттикнување на одржливиот локален економски развој.

Стратегијата особено се однесува на:

- идентификување и поврзување на туристичките ресурси и потенцијали на прекуграничната област;
- развој и позиционирање на заеднички туристички производ;
- дефинирање на заеднички маркетинг-пристап, целни пазари и целни групи;
- унапредување на промотивните активности и дигиталната туристичка видливост;
- поттикнување на соработката меѓу општините, туристичкиот сектор, локалните бизниси и другите релевантни чинители;
- зголемување на бројот на посетители и продолжување на престојот на туристите во прекуграничната област.

Член 3

Стратегијата ќе служи како основа за планирање и спроведување на активности, мерки и иницијативи за развој и промоција на интегралниот туристички производ во периодот 2026–2030 година.
Општина Ранковце, во рамките на своите законски надлежности и расположливите финансиски и институционални капацитети, ќе учествува во реализацијата на предвидените активности, во соработка со партнерските општини и другите релевантни чинители.

Член 4

За спроведувањето на Стратегијата ќе се преземаат активности согласно утврдените приоритети, мерки и препораки, во согласност со годишните програми и буџетските можности на Општина Ранковце, како и со условите и правилата на применливите проектни и други извори на финансирање.
Следењето на спроведувањето и оценувањето на постигнатите резултати ќе се врши преку соработка со партнерските општини и релевантните чинители, во согласност со утврдените механизми и индикатори во Стратегијата.

Член 5

Стратегијата е составен дел на оваа Одлука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце “.

Бр.09-1369/6
30.10.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2026/2027 година

1. Се прогласува Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2026/2027 година, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.10.2026 година.
2. Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2026/2027 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1406/4
02.11.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 224/24, 233/24, 87/25 и 51/26) и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на Република Македонија“ бр.193/16, 72/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/22) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце, Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
За зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2027 година

Програмата за зимското одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во текот на зимската сезона 2026-2027 година ќе биде прилагодена на

климатските и релјефните услови кои што владејат во Општина Ранковце. Општината Ранковце претставува алувијална рамнина ограничена од север и југ со ридско планински масив. Населените места се од разбиен тип, со умерена континентална клима и со недоволно развиена патна мрежа. Годишната програма ќе ги опфати следните сегменти:
Организациона поставеност и обврски на овластениот субјект за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта и на другите учесници поврзани со извршување на работите околу отстранување на снегот и ледот, односно голомразицата.
Обем, динамика и функционирање на овластената зимска служба за отстранување на снегот и ледот.
Сообраќајници со приоритет на отстранување на снегот и голомразицата, како и за посипување и ставање на соодветен абразивен материјал и список на критични точки и витални објекти.
Број и вид на механички средства, нивна намена, начин и распоред на користење.
Број и распоред на лица кои учествуваат во извршувањето на работите сврзани со отстранувањето на снегот и ледот.
Обврска, услуги и средства на други учесници кои се вклучени во случај на потреба.
Места определени за депонирање на собраниот снег и лед.
Потребни финансиски средства за спроведување на Програмата.

ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимскиот период т.е. нивно расчистување од снег и лед и посипување на истите со абразивен материјал го врши Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, Лер и јавни дејности.
Општината распишува Оглас (тендер) за прибирање на понуди за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта.

ОБЕМ И ДИНАМИКА

Обемот и динамиката на одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимски услови се опфатени во Договорот. Потреба од зимско одржување во Општина Ранковце ќе има за време траење на зимската сезона.

УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ ЗА КОИ Е ПОТРЕБНО ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ

Р.б.	Населено место	Патен правец	Должина во м
1	Псача	А2-маала Чивлк	850 м
2	Псача	А2-Црква Свети Никола	2 400 м
3	Псача	Псача-Одрено-Опила-А2	6 800 м
4	Псача	Школо-Ѓоринска маала	800 м
5	Псача	Потрчин дол-Псачко поле	1 000 м
6	Псача	Ново Школо – Дамјанска маала	1 000 м
7	Петралица	А2-Црква Свети Ѓорѓија	5 800 м
8	Петралица	Трафостаница-Потрчин дол	360 м
9	Петрал-Одрено	С. Петралица-с. Одрено	900 м

10	Гиновци	А2-Милутинце	3 600 м
11	Гиновци	А2-Мива градба	360 м
12	Гиновци	А2-железничка пруга	480 м
13	Гиновци	А2-малински склад	400 м
14	Ранковце	Ранковце-Отошница	5 500 м
15	Ранковце	А2-Кокинци	2 300 м
16	Ранковце	Десетак-Пузина маала	1 300 м
17	Ранковце	Полициска станица-Крајчина маала	800 м
18	Ранковце	Улици над Амбуланта	870 м
19	Ранковце	Погон Карпош-Крајчина маала	860 м
20	Ранковце	Десетак-Крајчина маала-Млин	1000 м
21	Ранковце	Крак за црква Св. Богородица	300 м
22	Ранковце	Зердин дуб	800 м
23	Ранковце	Улица во с. Ранковце-Крак 2	870 м
24	Ветуница	А2-с. Ветуница-Стојкова маала-Блидеш	2 400 м
25	Опила	Бабунци-Котаринци-Ѓоргова маала	2 500 м
26	Опила	Каваклија-Црква Свети Никола	1 950 м
27	Радибуш	Сат-Црква Света Петка-Којкарци	2 700 м
28	Ранковце	Зелен пазар-Криво Крушче	1000 м
29	Петралица	Надвозник-Буина бара-Уткина маала	400 м

БРОЈ И ВИД НА МЕХАНИЧКИ СРЕДСТВА

Според должината на локалната патна мрежа зимското одржување на истите ќе биде извршено со едно возило опремено со нож за чистење на снегот и ледот и соларка за посипување на абразивен материјал. Возилото може да биде од различна марка. Во случај на пообилни врнежи ќе се ангажира и долопнителна механизација.

БРОЈ И РАСПОРЕД НА ЛИЦА

Како придружба на трактор или скип ќе биде ангажирано едно лице, а по потреба и уште едно лице во случај кога имаме невреме и многу ниски температури. Дополнителни лица ќе бидат вклучени ако за тоа има потреба и тоа за отстранување на снегот, ледот од тротоарите и улиците и утовар на истиот во камион или трактор и транспорт до депонија или друго место за депонирање кое накнадно ќе биде определено.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на индивидуалните станбени згради и влезовите на колективните станбени згради се должност на станарите од тие објекти.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на деловните објекти и работни организации се обврска и должност на сопствениците на тие објекти.

Абразивните материјали за посипување ќе бидат набавувани и складирани во соработка со избраниот понудувач.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Потребни финансиски средства за реализација на Програмата за зимското одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце во висина од 300.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Ранковце.

Приходи:
Средства од буџетот на Општината ..... 300.000,00 денари

Расходи:
Ангажирање на возило со нож ..... 252.000,00 денари
Набавка на абразивен материјал
(сол и ризла) ..... 48.000,00 денари

_____

Вкупно:= 300.000,00 денари

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1369/7
30.10.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Ненад Петковски,с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решение за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**
2. **Р Е Ш Е Н И Е за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**
3. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за Измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**
4. **О Д Л У К А за Измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**
5. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за усвојување на Заедничка маркетиншка стратегија за развој и позиционирање на интегрален туристички производ во прекуграничната област Сепарева Бања-Кратово-Ранковце за периодот 2026-2030 година**
6. **О Д Л У К А за усвојување на Заедничка маркетиншка стратегија за развој и позиционирање на интегрален туристички производ во прекуграничната област Сепарева Бања-Кратово-Ранковце за периодот 2026-2030 година**
7. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2026/2027 година**
8. **П Р О Г Р А М А за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2027 година**